# Закон

## За Посебен Регистар за лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија

### Член 1

Со овој закон се уредува категоријата на личните податоци кои се содржани во Регистарот за лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија (во натамошниот текст: Регистарот), начинот на давање на личните податоци на користење, степенот на доверливост и рокот на чување на податоците.

### Член 2

Цел на законот и неговата примена е обезбедување на заштита на децата од сексуална злоупотреба, педофилија и трговија со малолетни лица преку достапност на информации за лицата кои живеат во нивната околина, а кои се осудени за кривични дела поврзани со сексуална злоупотреба на малолетни лица, педофилја и трговија со малолетно лице.

### Член 3

Регистарот содржи податоци за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела против половата слобода и половиот морал за малолетни лица:

1) Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14години (член 188);

2) Обљуба со злоупотреба на положбата (член 189 став 2);

3) Задоволување на полови страсти пред друг ( член 190 став 2);

4) Посредување во вршење проституција (член 191 ставови 4 и 5);

5) Подведување и овозможување на полови дејства (член 192);

6) Прикажување на порнографски материјал на малолетник (член 193);

7) Производство и дистрибуција на детска порнографија (член 193-а);

8) Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години (член 193-б);

9) Родоскрнавење (член 194); и

10) Трговија со малолетно лице (418-г).

Член 4

Регистарот ги содржи следните податоци за осудените лица за делата од член 3 од овој закон:

- име и презиме;

- датум на раѓање;

- адреса на живеење;

- кривично дело за кое е осуден; и

- фотографија.

Член 5

Регистарот го води Министерството за труд и социјална политика преку ЈУ Завод за социјални дејности.

Министерството за труд и социјална политика преку ЈУ Завод за социјални дејности, врши внесување, ажурирање и промена на податоците во Регистарот и ги објавува на интернет страница.

Податоците за осудените лица внесени во Регистарот се јавно достапни.

Податоците за жртвите по ниту еден основ не се јавно достапни.

Член 6

Работите од членот 5 став 2 од овој закон ги врши службено лице од ЈУ Завод за социјални дејности, овластено од лицето кое раководи со ЈУ Завод за социјални дејности, и истото одговара за веродостојноста на внесените податоци.

Член 7

Осудените лица за кривични дела утврдени во член 3 од овој закон, по истекот на изречената казна, се должни најмалку еднаш годишно, 5 дена пред нивниот роденден, до крајот на нивниот живот да се пријавуваат кај надлежниот судски орган во местото каде што живеат или престојуваат.

Министерството за правда, преку Управата за извршување на санкции е должно да го извести осуденото лице, за неговата должност по истекот на затворската казна да се пријави во надлежниот судски орган во местото каде што живее или престојува.

Надлежниот суд е должен пријавувањето да го достави до Министерството за труд и социјална политика, односно ЈУ Завод за социјални дејности, во рок од 5 работни дена од пријавувањето на осуденото лице, како и евентуалната промена на личните податоци и местото на живеење на осуденото лице.

Член 8

Доколку осуденото лице ќе биде забележано од страна на граѓанин или службено лице, често во близина на места каде што има поголемо присуство на малолетни лица (детски градинки, училишта, детски паркови, детски игралишта, игротеки), истите се должни да го пријават лицето во најблискиот орган на Министерството за внатрешни работи.

Министерството за внатрешни работи најпрвин усно го предупредува лицето за неговото присуство во близина на места со голема фреквенција на малолетни лица, а доколку лицето по втор пат повторно е затекнато на такви места, Министерството за внатрешни работи презема мерки согласно со закон.

Член 9

Осуденото лице за кривични дела поврзани со сексуална злоупотреба, педофилија и трговија со малолетно лице, ќе биде казнето со парична казна или затвор до една година, ако:

- по истекот на затворската казна, во рок од 5 работни дена, нема да се пријави до надлежниот судски орган,

- редовно не се пријавува до надлежниот судски орган,

- биде затекнато во два или повеќе наврати на места на кои има поголемо присуство на малолетни лица (детски градинки, училишта, детски паркови, детски игралишта, игротеки) или

- нема да пријави промена на лични податоци или место на живеење, до надлежниот судски орган.

Член 10

Осудено лице за кривични дела поврзани со сексуална злоупотреба, педофилија и трговија со малолетно лице, може да побара изземање од јавно објавување на неговите податоци во Регистарот, под услов да не го повтори кривичното дело за кое е осуден или стори друго дело наведено во членот 3 од овој закон, во период од 10 години по истекот на казната за која е осуден.

Член 11

Барањето за изземање од јавно објавување на податоци на осудено лице за кривични дела поврзани со сексуална злоупотреба, педофилија и трговија со малолетни лица, се доставува до надлежниот суд.

Надлежниот судски орган може да побара мислење од центарот за социјална работа надлежен според местото на живеење на осуденото лице, за состојбата на осуденото лице и неговата подобност да биде иземено од јавно објавување на неговите податоци.

Постапката се однесува само на изземање од јавно објавување на податоците на лицето осудено за кривични дела поврзани со сексуална злоупотреба, педофилија и трговија со малолетно лице. Обврската за негово натамошно редовно годишно пријавување останува да важи до крајот на неговиот живот.

Член 12

Лицата кои ќе ги злоупотребат податоците кои се содржани во Регистарот, со цел за заканување, заплашување, вознемирување на осудените лица или на членовите на нивните семејства или на друг начин ќе ги злоупотребат објавените податоци, ќе бидат казнети со парична казна или затвор до шест месеци.

Член 13

Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи, ќе изготви правилници за начинот на внесување на податоците на осудените лица, за начинот на меѓусебно известување и соработка.

Член 14

Министерството за труд и социјална политика е должно, во рок од шест месеци по влегувањето во сила на овој закон, да го изготви Посебениот регистар за лица осудени за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.